**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ ДАВА ОДОБРЕНИЕ на Барањето број 03-36/1 од 17.04.2024 година за давање согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови КБ Публикум инвест АД Скопје број 02-1706/1/24 од 17.04.2024 година, донесена на Собранието на акционери одржано на ден 17.4.2024 година.

2. Ова решение ќе се објави во "Службен Весник на Република Северна Македонија".

Бр. 08-36
16 мај 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

---

Në bazë të nenit 17, paragrafi 4 të Ligjit të Fondeve Investuese ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 12/2009 nr. 67/2010, nr. 24/2011, nr. 188/2013, nr. 145/2015, nr. 23/2016 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 31/2020, nr. 150/2020 dhe nr. 288/2021), duke vepruar ndaj Kërkesës numër 03-36/1, datë 17.4.2024, për marrjen e pëlqimit të ndryshimeve dhe të plotësimeve të Statutit të Shoqërisë Administruese të Fondeve të Hapura dhe të Mbyllura të Investimeve "KB Publikum invest" ShA, Shkup, Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 16.5.2024, miratoi

**A K T V E N D I M**

1. JEPET MIRATIMI Kërkesës numër 03-36/1, datë 17.4.2024, për dhënie të pëlqimit për Vendimin e ndryshimeve dhe të plotësimeve të Statutit të Shoqërisë Administruese të Fondeve të Hapura dhe të Mbyllura të Investimeve "KB Publikum invest" ShA, Shkup, numër 02-1706/1/24, datë 17.4.2024, të miratuar në Kuvendin e aksionarëve, të mbajtur më 17.4.2024.

2. Ky Aktvendim do të botohet në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

PA1 Nr. 08-36
16.5.2024
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë i
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetarja,
Mr.sc.**Nora Aliti,** d.v.

# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**1992.**
Врз основа на член 10 став (2), член 102 став (4), член 105 став (1) и член 106 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВИ

### Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат посебните услови за запишување и бришење на цивилен воздухоплов од Регистарот на цивилни воздухоплови на Република Северна Македонија, формата, содржината и начинот на водење на истиот, како и формата, содржината и евиденцијата на уверенијата за регистрација и дерегистрација на воздухоплови и постапката за нивно издавање и промена.

Член 2

(1) Во Регистарот на цивилни воздухоплови на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регистар на воздухоплови) се впишуваат сите воздухоплови во согласност со ICAO стандарди.

(2) Во однос на воздухопловите без екипаж, во Регистарот на воздухоплови се впишуваат само воздухоплови без екипаж чијшто дизајн е предмет на сертификација.

### Посебни услови за запишување на воздухоплов во Регистарот на воздухоплови

Член 3

(1) Воздухоплов се запишува во Регистарот на воздухоплови доколку се исполнети следните посебни услови:

- воздухопловот ги исполнува условите за пловидбеност пропишани со Законот за воздухопловство и прописите донесени врз основа на тој закон,
- операторот на воздухопловот е домашно физичко лице или странско физичко лице со регулиран престој во Република Северна Македонија или е правно лице регистрирано и со седиште во Република Северна Македонија,
- воздухопловот кој има MTOW над 5700 кг има уверение за тип издадено или признато од EASA,
- воздухопловот кој има MTOW над 5700 кг има уверение за пловидбеност на воздухопловот за извоз што го издал надлежниот орган на земјата во која бил претходно регистриран, доколку таа земја издава таков сертификат,
- воздухопловот ги исполнува условите за бучава и други емисии пропишани со Законот за воздухопловство и прописите донесени врз основа на тој закон, доколку тие се применуваат за конкретниот воздухоплов,
- операторот на воздухопловот има доказ за сопственост или одобрен договор за закуп, односно лизинг на воздухопловот без летачки екипаж согласно член 103 од Законот за воздухопловство,
- доколку воздухопловот е нов, сопственикот да поседува изјава од производителот дека воздухопловот е нов и не бил впишан во ниту еден регистар и
- доколку воздухопловот бил запишан во странски регистар на воздухоплови, сопственикот да поседува потврда/уверение за дерегистрација дека истиот е избришан од тој регистар или изјава од воздухопловните власти дека ќе биде избришан од странскиот регистар на воздухоплови во моментот на впишување во Регистарот на воздухоплови.

(2) По исклучок од став (1) алинеја 1 на овој член, воздухоплов кој има MTOW до 5700 кг и кој не го исполнува условот од ставот (1) алинеја 1 на овој член може привремено да се запише во Регистарот на воздухоплови.

(3) Привремениот упис од став (2) на овој член може да трае најмногу до 12 месеци и за истиот Агенцијата издава уверение за привремена регистрација на воздухоплов.

(4) По исклучок од ставовите (1), (2) и (3) од овој член, во Регистарот на воздухоплови се запишува воздухоплов без екипаж чијшто дизајн е предмет на сертификација доколку ги исполнува условите од став (1) алинеи 1, 2, 6, 7 и 8 на овој член.

### Посебни услови за бришење на воздухоплов од Регистарот на воздухоплови

Член 4

(1) Воздухоплов се брише од Регистарот на воздухоплови доколку е исполнет некој од следните посебни услови:

- ако тоа го бара сопственикот, односно операторот на воздухопловот;
- ако воздухопловот е уништен или станал трајно неупотреблив за воздушен сообраќај или од други причини е повлечен од употреба;
- ако воздухопловот во последните три години нема важечко уверение за пловидбеност, или
- ако сопственикот, односно операторот на воздухопловот престане да ги исполнува условите од членот 3 на овој правилник.

(2) Воздухоплов кој е оптоварен со хипотека, може да се избрише од Регистарот на воздухоплови само откако ќе се достави писмена согласност на сите хипотекарни доверители чии права се запишани во Регистарот на воздухоплови.

**Форма, содржина и евиденција на уверенијата за регистрација и дерегистрација на воздухоплови и постапка за нивно издавање и промена**

Член 5

(1) Уверението за регистрација на воздухоплов се издава во А5 формат на хартија во бела боја.

(2) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

(3) Уверението за привремена регистрација на воздухоплов се издава во А5 формат на хартија во бела боја.

(4) Формата и содржината на уверението од ставот (3) на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

(5) Уверението за дерегистрација на воздухоплов се издава во А5 формат на хартија во бела боја.

(6) Формата и содржината на уверението од ставот (5) на овој член се дадени во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

(1) Со цел упис или привремен упис на воздухоплов во Регистарот на воздухоплови, издавање или промена на уверението за регистрација или привремена регистрација на воздухоплов, бришење на воздухоплов од Регистарот на воздухоплови, односно издавање на уверение за дерегистрација на воздухоплов, операторот на воздухопловот поднесува писмено барање до Агенцијата за цивилно воздухопловството (во натамошниот текст: Агенција).

(2) Барањето од став (1) од овој член може да се поднесе во форма и содржина дадена во Doc 10142 на ICAO.

(3) Операторот на воздухопловот, треба да ја пријави секоја промена на податоците внесени во Регистарот на воздухоплови во рок од 15 дена од денот на настанатата промена со поднесување на писмено барање до Агенцијата за запишување на промената во Регистарот на воздухоплови.

(4) Промените внесени во Регистарот на воздухоплови се внесуваат и во уверенијата од став (1) на овој член, ако тие промени се однесуваат на податоците кои се внесуваат во истите.

Член 7

Кон барањата од член 6 од овој правилник операторот на воздухопловот доставува докази за исполнетост на условите од членовите 3 или 4 од овој правилник, соодветно, како и доказ за платена административна такса утврдена со Законот за административните такси и платен надоместок утврден со тарифник на Агенцијата.

Член 8

(1) На постапката за издавање, промена на уверенијата за регистрација/привремена регистрација или дерегистрација, супсидијарно се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка доколку не е поинаку утврдено со овој правилник.

(2) По исклучок од став (1) на овој член во постапките кои се предвидени со овој правилник странките може да доставуваат докази за исполнетост на пропишаните услови и на англиски јазик.

(3) Во постапката за издавање и промена на уверенијата за регистрација/привремена регистрација или дерегистрација соодветно се применува Doc 10142 на ICAO.

Член 9

(1) Доколку се утврди дека се исполнети условите од член 3 на овој правилник, Агенцијата донесува решение за упис или привремен упис на воздухоплов од Регистарот на воздухоплови, издава уверение за регистрација на истиот и го ажурира Регистарот на воздухоплови.

(2) Доколку се утврди дека се исполнети условите од член 4 на овој правилник, Агенцијата донесува решение за бришење на воздухоплов од Регистарот на воздухоплови, издава уверение за дерегистрација на истиот и го ажурира Регистарот на воздухоплови.

(3) Доколку Агенцијата утврди дека не се исполнети условите за упис, привремен упис или бришење на воздухоплов од Регистарот на воздухоплови, донесува решение за одбивање на барањето во кое се наведуваат причините за одбивањето.

Член 10

(1) Во случај кога е изгубено некое од уверенијата од член 5 на овој правилник, на барање на imателот, Агенцијата ќе му издаде ново уверение откако на сопствен трошок ќе го објави за изгубено во „Службен весник на Република Северна Македонија".

(2) Во случај кога некое од уверенијата од член 5 на овој правилник е оштетено, на барање на имателот, Агенцијата ќе му издаде ново уверение. Оштетеното уверение барателот треба да го врати во Агенцијата.

(3) На постапката за повторно издавање на изгубено уверение или замена на оштетено уверение соодветно се применува Doc 10142 на ICAO.

**Форма, содржина и начин на водење на Регистар на воздухоплови**

Член 11

Агенцијата води евиденција за уписот, привремениот упис или бришењето на воздухоплов, како и за издадените уверенија и поднесената документација и докази во Регистар на воздухоплови.

Член 12

Регистарот на воздухоплови се состои од главна книга и збирка на исправи и помошни именици.

Член 13

(1) Главната книга се состои од една или повеќе книги со формат А4 кои се означуваат со редни броеви.

(2) Секоја од книгите од став (1) на овој член содржи одреден број на влошки кои се означуваат со редни броеви.

(3) Влошките на главната книга се состојат од уписен, сопственички и товарен лист.

(4) Секој воздухоплов се запишува во посебна влошка.

(5) Формата и содржината на главната книга е дадена во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

Член 14

(1) Упис на воздухоплов во уписниот и сопственичкиот лист на Регистарот на воздухоплови се врши врз основа на решение донесено согласно член 9 од овој правилник.

(2) Во уписниот лист на влошката на книгата на воздухоплови се запишуваат податоци за регистарската ознака, уверенијата за тип и други податоци за воздухопловот.

(3) Во уписниот лист на влошката на книгата на воздухоплови без екипаж се запишуваат податоци за регистарската ознака, уверенијата за тип и други податоци за воздухопловот без екипаж.

(4) Во сопственичкиот лист на влошката на главната книга се запишуваат податоци за сопственикот и/или операторот на воздухопловот (име и презиме, адреса, електронска адреса и телефонски број за контакт), податоци за стекнување на сопственоста, односно правото на располагање со воздухопловот.

(5) Упис на права врз воздухоплов во товарниот лист на Регистарот на воздухоплови се врши врз основа на доказ за постоење на заложно право.

(6) Во товарниот лист на влошката на главната книга се запишуваат податоци за видот на заложното право, заложниот должник и доверител, износот на залогот, податоци за упис и бришење на залог и забелешки предвидени со Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај.

Член 15

(1) Збирката на исправи ги содржи документите и исправите врз основа на кои е извршен уписот на воздухопловот во уписниот, товарниот и сопственичкиот лист, решенијата кои ги донесува директорот на Агенцијата и други документи кои се однесуваат на упис, односно бришење на воздухопловот од Регистарот на воздухоплови.

(2) Формата и содржината на збирката на исправи е дадена во Прилог 5 кој е составен дел на овој правилник.

Член 16

Покрај главната книга и збирката на исправи од член 12 на овој правилник, се водат и следните помошни именици:

1.именик на воздухоплови кои се впишани во Регистарот на воздухоплови кој е даден во Прилог 6 и е составен дел на овој правилник;

2.именик на воздухоплови кои се избришани од Регистарот на воздухоплови кој е даден во Прилог 7 и е составен дел на овој правилник и

3.именик на сопственици/оператори на воздухоплови во кој се запишуваат физичките и правните лица кои имаат право на располагање или користење на воздухопловот, кој е даден во Прилог 8 и е составен дел на овој правилник.

Член 17

Податоците од главната книга се доставуваат до Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Член 18

(1) За податоците од Регистарот на воздухоплови Агенцијата води евиденција и во електронска форма и истите ги внесува во електронската база на ICAO, на начин и во постапка утврдени со правилата на ICAO за обезбедување на важечки податоци за воздухопловите регистрирани во земја потписничка, врз основа на член 21 од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство.

(2) Врз основа на член 21 од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство, на барање на друга договорна земја на ICAO, Агенцијата доставува податоци за регистрација и сопственост на секој воздухоплов кој е регистриран во Регистарот на воздухоплови.

Член 19

Навременото ажурирање на Регистарот на воздухоплови, пристапот до него, безбедноста на информациите во него, одржувањето на резервен систем на податоци кој ќе обезбеди нивен континуитет во случај на катастрофи од поголеми размери, како и архивирањето на податоци кои не се активни, ги утврдува Агенцијата со внатрешна процедура согласно Doc 10142 на ICAO.

**Преодни и завршни одредби**

Член 20

(1) Одредбите од овој правилник кои се однесуваат на воздухоплови без екипаж ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2025 година.

(2) Со денот на отпочнување на примената на одредбите од став (1) на овој член престануваат да важат уверенијата за регистрација на воздухоплови без екипаж кои немаат сертифициран тип издадени согласно Правилникот за формата, содржината, евиденцијата и постапката за издавање и промена на уверението за регистрација на воздухоплов и уверението за привремена регистрација на воздухоплов („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21) и истите Агенцијата ќе ги избрише од Регистарот на воздухополови без екипаж.

(3) Уверенијата за регистрација на воздухоплов кои се издадени согласно Правилникот за формата, содржината, евиденцијата и постапката за издавање и промена на уверението за регистрација на воздухоплов и уверението за привремена регистрација на воздухоплов („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21), Агенцијата ќе ги замени со уверенија за регистрација согласно овој правилник најдоцна до 31 декември 2024 година.

Член 21

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за формата, содржината, евиденцијата и постапката за издавање и промена на уверението за регистрација на воздухоплов и уверението за привремена регистрација на воздухоплов („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21) и Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на воздухоплови, како и податоците што се доставуваат до централниот регистар на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/11 и 66/19).

Член 22

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-661/1
21 мај 2024 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за цивилно воздухопловство,
д-р **Томислав Тунтев,** с.р.

Прилог 1

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
**Агенција за цивилно воздухопловство**
Civil Aviation Agency
**УВЕРЕНИЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА**
CERTIFICATE OF REGISTRATION

Уверение бр:____
Certificate No:____

| 1. **Знаци на државна припадност и регистарски ознаки** Nationality & registration mark | 2. **Производител, тип и модел на воздухопловот** Manufacturer & manufacturer's designation of aircraft | 3. **Сериски бр. на воздухопловот** Aircraft serial No. |
|---|---|---|
| | | |

4a. **Издадено на**/Issued to ..........................................................................................................................

(Име на имателот на уверението/Name of certificate holder)

**Основа за регистрација (одберете едно)**/Basis of registration (check one):

- ☐ **сопственост на воздухоплов**/ownership of aircraft
- ☐ **оператор на воздухоплов**/operator of aircraft
- ☐ **друго (објаснете)**/other (explain)..............................................................................................

4b. **Адреса на имателот на уверение/**Address of certificate holder: ...............................

..........................................................................................................................................................

5. **Име и информации за контакт на сопственикот, доколку се разликува од имателот на уверението**/Name and contact information of owner, if different from certificate holder: ..........................................................................................................................

..........................................................................................................................................................

6. **Со ова се потврдува дека горенаведениот воздухоплов е уредно запишан во Регистарот на цивилни воздухоплови на Република Северна Македонија согласно Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство од 07.12.1944 година и Законот за воздухопловство.**
It is hereby certified that the above described aircraft has been duly entered on the Civil Aircraft Register of the Republic of North Macedonia in accordance with the Convention on International Civil Aviation dated 7 December 1944 and the Aviation Act.

**Потпис/**Signature.......................................

**Датум на издавање/**Date of issue..............................

Прилог 2

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
**Агенција за цивилно воздухопловство**
Civil Aviation Agency
**УВЕРЕНИЕ ЗА ПРИВРЕМЕНА РЕГИСТРАЦИЈА**
TEMPORARY CERTIFICATE OF REGISTRATION

**Уверение бр.____**
Certificate No:___

| **1. Знаци на државна припадност и регистарски ознаки** Nationality & registration mark | **2. Производител, тип и модел на воздухопловот** Manufacturer & manufacturer's designation of Aircraft | **3.Сериски бр. на воздухоплов** Aircraft Serial No. |
|---|---|---|

4a. **Издадено на**/Issued to ..................................................................................................................
(Име на имателот на уверението/Name of certificate holder)

**Основа за регистрација (одберете едно)**/Basis of registration (check one):

- ☐ **сопственост на воздухоплов**/ownership of aircraft
- ☐ **оператор на воздухоплов**/operator of aircraft
- ☐ **друго (објаснете)**/other (explain).......................................................................................

4b. **Адреса на имателот на уверение/**Address of certificate holder:..................................
..................................................................................................................................................

5. **Име и информации за контакт на сопственикот, доколку се разликува од имателот на уверението**/Name and contact information of owner, if different from certificate holder:
..................................................................................................................
..................................................................................................................................................

6. **Со ова се потврдува дека горенаведениот воздухоплов е привремено запишан во Регистарот на цивилни воздухоплови на Република Северна Македонија согласно Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство од 07.12.1944 година и Законот за воздухопловство.**
It is hereby certified that the above described aircraft has been temporary entered on the Civil Aircraft Register of the Republic of North Macedonia in accordance with the Convention on International Civil Aviation dated 7 December 1944 and the Aviation Act.

**Потпис/Signature**

**Датум на издавање/** Date of issue:

**Датум на важење/** Validity:

Прилог 3

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
**Агенција за цивилно воздухопловство**
Civil Aviation Agency
**УВЕРЕНИЕ ЗА ДЕРЕГИСТРАЦИЈА**
CERTIFICATE OF DEREGISTRATION

Уверение бр:_______
Certificate No:_______

| | | |
|---|---|---|
| 1. **Знаци на државна припадност и регистарски ознаки** Nationality & registration mark | 2. **Производител, тип и модел на воздухопловот** Manufacturer & manufacturer's designation of aircraft | 3. **Сериски бр. на воздухопловот** Aircraft serial No. |

4a. **Издадено на**/Issued to ..............................................................................................................................

(Име на имателот на уверението/Name of certificate holder)

**Основа за регистрација (одберете едно)**/Basis of registration (check one):

- ☐ **сопственост на воздухоплов**/ownership of aircraft
- ☐ **оператор на воздухоплов**/operator of aircraft
- ☐ друго (објаснете)/other (explain) ..........................................................................................

4b.. **Адреса на имателот на уверение/**Address of certificate holder: ....................................

...........................................................................................................................................................

(**во моментот на дерегистрација/**at the time of deregistration)

5. **Име и информации за контакт на сопственикот, доколку се разликува од имателот на уверението/**Name and contact information of owner, if different from certificate holder..................................................................................................................................................................
....

...........................................................................................................................................................
..............

(**во моментот на дерегистрација/**at the time of deregistration)

6. **Со ова се потврдува дека горенаведениот воздухоплов е уредно избришан од Регистарот на цивилни воздухоплови на Република Северна Македонија на ................. (датум) и Уверението за регистрација е повлечено.**

It is hereby certified that the above described aircraft has been duly removed from the Civil Aircraft Register of the Republic of North Macedonia on .....................(date) and the Certificate of Registration has been canceled.

6a. **Причина (-и) за дерегистрација, доколку се познати**/Reason(s) for deregistration, if known:

...........................................................................................................................................

...........................................................................................................................................................

**Потпис/**Signature ............................

**Датум на издавање/**Date of issue

***Ова уверение се издава согласно Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство од 07.12.1944 година и Законот за воздухопловство./This certificate is issued** in accordance with the Convention on International Civil Aviation dated 7 December 1944 and of the Aviation Act.

ПРИЛОГ 4

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

**REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**Civil Aviation Agency**

**РЕГИСТАР НА ЦИВИЛНИ ВОЗДУХОПЛОВИ**

*CIVIL AIRCRAFT REGISTER*

**ГЛАВНА КНИГА**

*MAIN BOOK*

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

**REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**Civil Aviation Agency**

## 1. КНИГА НА ВОЗДУХОПЛОВИ

*AIRCRAFT BOOK*

Книга број__________________ Содржи ________________ страници
Volume number contains pages

Печат
Seal

____________________
Потпис на одговорното лице
Authority signature

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

**REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**Civil Aviation Agency**

**Број на досие** ______
**File Number**

**Регистарска ознака** __________
**Registration Mark**

**УПИСЕН ЛИСТ**
*REGISTRATION FORM*

| | |
|---|---|
| **Производител и земја на производство:**<br>*Manufacturer and country of origin:* | |
| **Тип и модел на воздухопловот:**<br>*Aircraft Type and Model:* | |
| **Категорија на воздухопловот:**<br>*Category:* | |
| **Намена на воздухопловот:**<br>*Purpose of use :* | |
| **Година на производство:**<br>*Production date:* | **Сериски број:**<br>*Serial Number:* |
| **Број на уверение за тип издадено од производителот:**<br>*No. of Type Certificate of the State of Design:* | |
| **Број на уверение за тип издадено во Република Северна Македонија:**<br>*No. of Type Certificate of the Republic of North Macedonia:* | |

| |
|---|
| **Предходна регистарска ознака/држава:**<br>*Previous Registration Mark / State:* |

| | |
|---|---|
| **Тежина на празен воздухоплов:**<br>*Empty Weight:* | **Макс.тежина при полетување:**<br>*Maximum Take–Off Weight:* |
| **Ознака и сериски број на мотор (и):**<br>*Model and Engine Serial Number:* | |
| **Ознака и сериски број на елиса (и):**<br>*Model and Propeller Serial Number:* | |
| **Опрема:**<br>*Equipment:* | |

**Датум на упис во Регистарот** *(Date of registration):*

___________________________________

**Датум на бришење од Регистарот** *(Date of deregistration):*

_____________________________

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

**REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**Civil Aviation Agency**

**Број на досие** ______
**File Number**

**Регистарска ознака** __________
**Registration Mark**

### *СОПСТВЕНИЧКИ ЛИСТ*

*OWNERSHIP SHEET*

| **Број**<br><br>No. | **Сопственик и негова адреса:**<br><br>*Name and Address of Owner:* | **Оператор и негова адреса**<br><br>*Name and Address of Operator:* | **Податоци за стекнување на сопственоста:**<br><br>*Data for* obtaining the ownership. | **Упис во Регистарот**<br><br>Registration | **Бришење од Регистарот**<br><br>*Deregistration* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

### *ТОВАРЕН ЛИСТ*

*MORTGAGE SHEET*

| **Реден број**<br><br>No | **Вид на заложно право**<br><br>*Mortgage type* | **Име и адреса на заложниот должник**<br><br>*Name and Address of Mortgagor* | **Заложен доверител, негова адреса, број на договор за залог**<br><br>*Name and Address of Mortgagee, No. Mortgage deed* | **Износ на залогот**<br><br>*Mortgage Amount* | **Упис на залог**<br><br>*Date of entry of mortgage* | **Бришење на залог**<br><br>*Deregistration of Mortgage* | **Забелешки**<br><br>*Remarks* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Агенција за цивилно воздухопловство

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Civil Aviation Agency

## 2. КНИГА НА ВОЗДУХОПЛОВИ БЕЗ ЕКИПАЖ

*UNMANNED AIRCRAFT BOOK*

Книга број____________________ Содржи_________________ страници
Volume number contains pages

Печат
Seal

______________________
Потпис на одговорното лице
Authority signature

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

**REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**Civil Aviation Agency**

**Број на досие ______**
**File Number**

**Регистарска ознака __________**
**Registration Mark**

## *УПИСЕН ЛИСТ*
*REGISTRATION FORM*

| | |
|---|---|
| **ПОРІ Производител и земја на производство:**<br>*Manufacturer and country of origin:* | |
| **Тип и модел на воздухопловот:**<br>*Aircraft Type and Model:* | |
| **Класа на воздухопловот:**<br>*Aircraft class:* | |
| **Намена и употреба на воздухопловот:**<br>*Purpose of use:* | |
| **Година на производство:**<br>*Production date:* | **Сериски број:**<br>*Serial Number:* |
| **Претходна регистарска ознака/држава:**<br>*Previous Registration Mark/State:* | |
| **Макс.тежина при полетување:**<br>*Maximum Take-Off Weight:* | |

| |
|---|
| **Број на мотори/елиси:**<br>*No. of Engines/Propellers:* |

| |
|---|
| **Опрема:**<br>*Equipment:* |
| **Општи технички податоци:**<br>*General Technical data:* |

**Датум на упис во Регистарот** *(Date of registration)*__________________________
**Датум на бришење од Регистарот** *(Date of deregistration):*___________________

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Агенција за цивилно воздухопловство

**REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
Civil Aviation Agency

Број на досие ______
File Number

Регистарска ознака __________
Registration Mark

***СОПСТВЕНИЧКИ ЛИСТ***

*OWNERSHIP SHEET*

| **Број**<br><br>No. | **Сопственик и негова адреса:**<br><br>*Name and Address of Owner:* | **Оператор и негова адреса**<br><br>*Name and Address of Operator:* | **Податоци за стекнување на сопственоста:**<br><br>*Data for* obtaining the ownership. | **Упис во Регистарот**<br><br>Registration | **Бришење од Регистарот**<br><br>*Deregistration* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

***ТОВАРЕН ЛИСТ***

*MORTGAGE SHEET*

| **Реден број**<br><br>No | **Вид на заложно право**<br><br>*Mortgage type* | **Име и адреса на заложниот должник**<br><br>*Name and Address of Mortgagor* | **Заложен доверител, негова адреса, број на договор за залог**<br><br>*Name and Address of Mortgagee, No. Mortgage deed* | **Износ на залогот**<br><br>*Mortgage Amount* | **Упис на залог**<br><br>*Date of entry of mortgage* | **Бришење на залог**<br><br>*Deregistration of Mortgage* | **Забелешки**<br><br>*Remarks* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |

ПРИЛОГ 5

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Агенција за цивилно воздухопловство

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Civil Aviation Agency

Број на досие ______
File Number

Регистарска ознака __________
Registration Mark

**ЗБИРКА НА ИСПРАВИ**
*DOCUMENTS LIST*

| **Број**<br>*No.* | **Датум и наш број**<br>*Date and no.* | **Документ**<br>*Document* | **Испраќач/ датум и број**<br>*Sender/date/no.* | **Запишал**<br>*Entered by* |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

ПРИЛОГ 6

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

**REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**Civil Aviation Agency**

**ИМЕНИК НА ВОЗДУХОПЛОВИ ВПИШАНИ ВО РЕГИСТАРОТ**

*LIST OF REGISTERED AIRCRAFT*

| **Број на досие**<br>*File number* | **Датум на упис**<br>*Date of entry* | **Регистарска ознака**<br>*Registration mark* | **Тип**<br>*Type* | **Сериски број**<br>*Serial number* | **Оператор**<br>*Operator* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

ПРИЛОГ 7

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Агенција за цивилно воздухопловство

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Civil Aviation Agency

**ИМЕНИК НА ВОЗДУХОПЛОВИ ИЗБРИШАНИ ОД РЕГИСТАРОТ**
*LIST OF DEREGISTERED AIRCRAFT*

| **Број на досие** *File number* | **Датум на бришење** *Date of deregistration* | **Регистарска ознака** *Registration Mark* | **Тип** *Type* | **Сериски број** *Serial number* | **Оператор** *Operator* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

ПРИЛОГ 8

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Агенција за цивилно воздухопловство

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Civil Aviation Agency

**СОПСТВЕНИК/ОПЕРАТОР**
*OWNER/OPERATOR*

________________________________________

**НЕГОВА АДРЕСА**
*ADDRESS*

________________________________________

**ИМЕНИК НА СОПСТВЕНИЦИ/ОПЕРАТОРИ НА ВОЗДУХОПЛОВИ**
*LIST OF AIRCRAFT OWNER/OPERATOR*

| **Број на досие** *File number* | **Регистарска ознака** *Registration mark* | **Тип** *Type* | **Сериски број** *Serial number* | **Датум на упис** *Date of entry* | **Датум на бришење** *Date of deregistration* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |